З А П И С Н И К

Од третата редовна седница на Советот на општина Василево

Советот на општина Василево ја одржа 3-та седница на ден 13.12.2021 година (Четврток) со почеток во 13.00 часот во просториите на Спортската сала во Василево.
Седницата ја свика и ја водеше Ристо Делјанов претседател на Советот на општина Василево.
На седницата присуствуваа сите советници.
На седницата присуствуваше Славе Андонов градоначалник на општина Василево, Верче Миткова извршител во одделението за нормативно правни работи и јавни дејности и Горан Андонов од оделението за урбанизам,
По отворената расправа по записникот од втората седница одржана на ден 25.11.2021 немаше забелешки беше ставен на гласење од вкупно присутни 15 советници Советот на општина Василево го усвои со 15 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

По отворената расправа по записникот од вонредната седница одржана на ден 09.11.2021 немаше забелешки беше ставен на гласење од вкупно присутни 8 советници Советот на општина Василево го усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,,5 и ,, воздржани,, нема.

За работа на третата седница на Советот на општина Василево беше предложен следниот дневен ред.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Предлог – Решение за разрешување и именување на членови и претседател на Управниот одбор на ЈПКД „Турија“ Василево;
2. Предлог – Решение за разрешување и именување на членови и претседател на Надзорниот одбор на ЈПКД „Турија“ Василево;
3. Предлог – Решение за именување на член на Управен одбор во ЈОУДГ Прва радост Василево по предлог на Министерство за труд и социјална политика ;
4. Предлог – Решение за именување на член на Управен одбор во ЈОУДГ „Прва радост“ Василево по предлог на Совет на родители при ЈОУДГ Прва радост Василево;
5. Предлог-Одлука за формирање Општински Совет за Социјална заштита.
6. Предлог-Програма за локален економски развој на подрачјето на општина Василево за 2022 година;
7. Предлог-Програма за изградба и реконструкција на Детски градинки за 2022 година;
8. Предлог-Програма за одржување на локалните патишта и улици во општина Василево за 2021/2022 година во зимски услови;
9. Предлог-Програма за социјална заштита во Општина Василево за 2022 година;
10. Предлог-Програма за поставување вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација на локалните патишта и улици во општина Василево во 2022 година;
11. Предлог-Програма за активностите во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и справување со кризи во 2022 год;
12. Предлог-Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во 2022 година;
13. Предлог-Програма за заедничка потрошувачка во Општина Василево за 2022 година;
14. Предлог План за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на општина Василево (2022-2025);
15. Предлог-Програма за третирање на животните бездомници на подрачјето на општина Василево за 2022 година;

16. Предлог-Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Василево за 2022 година;
17. Предлог-Програма за спорт, рекреација и манифестации на подрачјето на општина Василево за 2022 година;
18. Предлог-Програма за уредување на просторот на градежното земјиште во руралните подрачја на општина Василево за 2022 година;
19. Предлог-Програма за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2022 година;
20. Предлог-Програма за уредување на градежното земјиште во индустриската зона на општина Василево за 2022 година;
21. Предлог-Програма за уредување на градежното земјиште во општина Василево за 2022 година;
22. Предлог-Одлука за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата за основното образование 2022 година;
23. Предлог-Програма за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води во општина Василево за 2022 година;
24. Предлог-Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на општина Василево за 2021 година;
25. Предлог-одлука за Буџетски календар за 2022 година;
26. Предлог – Програма за работа на Советот на Општина Василево за 2022 година;
27. Предлог-Програма за изградба и реконструкција на водоводната мрежа во општина Василево за 2022 година;
28. Предлог-Програма за комунални дејности на подрачјето на општина Василево за 2022 година;
29. Предлог-Програма за изградба, реконструкција, одржување на локални патишта и улици за 2022 година.

По отворената расправа по дневниот ред за работа на третата седница на совет на општина Василево за збор се јави Живко Атанасов член на советот на општина Василево предложи надополнување на дневниот ред како 30 точка на дневниот ред да биде:Предлог-Решение за разрешување и именување членови на Управен Одбор на ЈОУДГ ,, Прва радост Василево.
Немаше друг пријавено за збор предлогот на Живко Атанасов за надополнување на дневниот ред како 30 точка на дневниот ред да биде:Предлог-Решение за разрешување и именување членови на Управен Одбор на ЈОУДГ ,, Прва радост Василево,беше ставена на гласење од 15 присутни члена Советот на Општина Василево го усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,,6 и ,, воздржан,, нема.
Дневниот ред со направените надополнувања како 30 точка на дневниот ред да биде:Предлог-Решение за разрешување и именување членови на Управен Одбор на ЈОУДГ ,, Прва радост Василево, беше ставен на гласење од вкупно присутни 15 советници Советот на општина Василево го усвои со 15 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

1.

По отворената расправа по првата точка од дневниот ред: Предлог – Решение за разрешување и именување на членови и претседател на Управниот одбор на ЈПКД „Турија“ Василево; за збор се јави Живко Атанасов претседател на комисијата за Мандатни прашања избор и именување рече дека Комисијата на седницата го разгледа од 5 присутни члена со 5 гласа,, за,, против,, и ,, воздршани немаше: ги разреши следните членови:

- Ристо Лазаров
- Марија Митрова, член
- Горги Костадинов, член
- Павле Глигоров, член

- Симона Стојанова

а ги назначи следните членови:

Емил Јованов претседател

Никола Делев

Антоника Иванова

Синан Салиев

Ацо Атанасовски

Предлага и Советот да ги разгледа и усвои

За збор се јави Крсте Панев член на Советот на општина Василево побара образложение зошто се разрешуват досегашните членови и претседател на Управен одбор на ЈПКД „Турија“ Василево кога мандатот им трае до23 Април 2022 година.

Живко Атанасов рече дека до разреување на Управен одбор на јавното претпријатие дојде од причини што тие како комисија согледувајќи ја ситацијата за лошото работење на јавното претпријатие кое е задолжено 16.000.000 денари имат констатирано дека нема работено добро и имат донесено одлука да ги разреши досегашните членови.

Александра Мадевска се обрати до советнникот Живко Атанасов бидејќи тој кажа дека јавното претпријатие е задолжено 16.000000 денари кога пред две недели имат назначено нов вд директор којшто до сега ниту еднаш Управен одбор ниту надзорен немат одржано ниту една седница за да кажат кои се причините за толку задолжување побара образложение по кој начин ги разрешуват тие членови. Кој што сеуште имат мандат.

Крсто Панев побара образложение од градоначалникот зошто се разрешува Управен одбор на јавното претпријатие да каже дали навистина ЈКП е задолжено 16.000 000 денари бидејќи тој има сознание дека не е толку да не се зборува паушално последниот пат беше дури и во добивка од 200.000 денари.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека бидејќи Крст Панев беше претседател на советот добро го знае Статутот и Деловникот, тоа не е негова работа да објаснува зошто се разрешува тоа е работа на комисијата за мандатни прашања а не негов предлог инаку има право и и тој како градоначалник да даде предлог со посебно решение дека тој лично ќе го подпише Предлог – Решението за разрешување нема потреба тој да дава објаснување Крсто Панев како досегашен претседател на Советот треба најмногу да знае колку е задолжено јавното предпријатие тука некаде е цифрата што е спомната сега кога ке дојде завршната сметка ке се види конечното задолжување или добивка тој не е директор на ЈКП, точно е дека има назначено вд. директор доколку има потреба ќе се одржи и посебна седница како советници имат право да барат да се разгледа ситуацијата на финансиската состојба на ЈКП.

Александра Мадевска: на седницата беше спомнато дека ова работа е на Мандатната комисија градоначалникот беше присутен на таа комисија кога таа го постави истото прашање зошто се разрешуват досегашните членови и претседател на Управен одбор на комуналното претпријатие кога

претседателот на комисијата кажа дека досега сите членови беа од СДСМ сега со сменување на власта сите членови треба да бидат од ВМРО –ДПМНЕ нејзиното прашање е дали Управен Одбор ќе се формира на начин ВМРО-СДСМ на партиска база или ќе се прави за доброто на предпријатието за по добро да функционира.

Крсте Панев побара од претседателот на Советот Ристо Делјанов на наредните седници да присуствуват и представници и од другите установи за да дадат точно образложение по точките што ке се расправа. Околу мандатната комисија може да даде само предлози да не се разрешуват членовите да се почитуват законот за јавните предпријатија каде што во законот пише дека може да ги разрешува и именува основачот каде што јасно е дефинирано како треба да биде.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека Крсте Панев како бивш претседател на советот треба да му биде јасно дека комисиите се формират за да ги разработуват точките пред седница на Совет не дека комисијата ги разрешува, туку таа предлага на Совет за разрешување сега советот ги разрешува а основач е советот, тука нема ништо спорно.

Бидејќи немаше пријавено за збор, предложените членови од Комисијата за претседател и членови во комисијата за финансирање Буџет и локален економски развој бидат разрешени: разреши следните членови:

- Ристо Лазаров
- Марија Митрова, член
- Горги Костадинов, член
- Павле Глигоров, член
- Симона Стојанова,член

а се назначуват:

Емил Јованов за претседател

Никола Делев

Антоника Иванов

Ацо Атанасовски

Синан Салиев

Предлогот беше ставено на гласење од 15 присутни члена Советот на општина Василево ги усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,, 7 и ,, воздржан,, нема

2.

По отворената расправа по втората точка од дневниот ред: Предлог - Решение за разрешување и именување на членови и претседател на Надзорниот одбор на ЈПКД ІТуријаѵ Василево;за збор се јави Живко Атанасов претседател на комисијата за Мандатни прашања избор и именување рече дека Комисијата на седницата го разгледа;;од 5 присутни члена со 5 гласа,, за,, против,, и ,, воздршани немаше: ги разреши следните членови:

- Ристо Велков за претседател
- Петре Партиков, член
- Томчо Јанев, член
- Александар Тимов, член
- Тони Ерќечев,член

А ги назначи:
-Тони Еркечев за претседател
-Енис Демиров
-Крсто Иванов
-Данче Шајкарова
-Бурхан Исинов

Предлага и Советот да ги разгледа и усвои

Бидејќи немаше пријавено за збор, Предлог - Решение за разрешување и именување на членови и претседател на Надзорниот одбор на ЈПКД ІТуријаѵ Василево да се разрешат:

- Ристо Велков за претседател
- Петре Партиков, член
- Томчо Јанев, член
- Александар Тимов, член
- Тони Ерќечев,член

А ги назначи:
-Тони Еркечев за претседател
-Енис Демиров
-Крсто Иванов
-Данче Шајкарова
-Бурхан Исинов

Предлогот беше ставено на гласење од 15 присутни члена Советот на општина Василево ги усвои со 10 гласа,, за,, ,, против,, 5 и ,, воздржан,, нема.

3.

По отворената расправа по третата точка од дневниот ред: Предлог - Решение за именување на член на Управен одбор во ЈОУДГ Прва радост Василево по предлог на Министерство за труд и социјална политика ;за збор се јави Живко Атанасов претседател на комисијата за Мандатни прашања избор и именување рече дека по предлог на Министерство за труд и социјална политика за член наУправен Одбор биде назначена Гонца Гуџирова комисијата на седницата го разгледа од 5 присутни члена гласаше 2 гласа ,, за,, ,, против,, 3 и ,, воздржан,, нема комисијата не го усвои предложениот предлог. на Министерство за труд и социјална политика.
Крсте Панев рече дека претседателот на Мандатната комисија треба да стане и да се изјасне како е помината точката на мандатната комисија да го каже предлогот од мандатната комисија и председателот на советот да го стави на гласење.
Немаше друг пријавено за збор Предлог - Решение за именување на член на Управен одбор во ЈОУДГ Прва радост Василево по предлог на Министерство за труд и социјална политика за член наУправен Одбор биде назначена: Гонца Гуџирова беше ставен на гласење од 15 присутни советници гласаа 7,, за,, ,, против,, 8 и ,, воздржан,, нема, Советот не го усвои.

4.

По отворената расправа по четвртата точка од Предлог - Решение за именување на член на Управен одбор во ЈОУДГ ІПрва радоств Василево по предлог на Совет на родители при ЈОУДГ Прва радост Василево;за збор се јави Живко Атанасов претседател на комисијата за Мандатни прашања избор и именување рече дека Комисијата на седницата го разгледа предлогот: за именување на член на Управен одбор во ЈОУДГ Прва радоств Василево по предлог на Совет на родители при ЈОУДГ Прва беше назначена: Кристина Златанова Ристова од 5 присутни члена комисијата гласаше 2 гласа ,, за,, ,, против,, 3 и ,, воздржан,, нема комисијата не го усвои предлог.

Предлага и Советот да ги разгледа и усвои

Бидејќи немаше пријавено за збор, Предлог - Решение за именување за член на Управен одбор во ЈОУДГ Прва радоств Василево по предлог на Совет на родители Кристина Златанова Ристова да биде избрана за член на Управен одбор во ЈОУДГ Прва радоств Василево беше ставен на гласење од 15 присутни советници гласаа 7,, за,, ,, против,, 8 и ,, воздржан,, нема, Советот не го усвои.

5.

По отворената расправа по петата точка од дневниот Предлог-Одлука за формирање Општински Совет за Социјална заштита. За збор се јави Спасенка Митева претседател на Комисијата за општествени дејности рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 5 присутни члена ја усвои со 5,, гласа за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема.

За збор се јави Крсте Панев побара образложение по точката праша зошто по втор пат ја има точката на дневен ред еднаш е изгласана праша на колку време пак се формира и како се обновува.

Ристо Делјанов претседател на советот на општина Василево рече дека Бидејќи Јанев Митко не е присутен за тоа писмено ќе бидат обавестени.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево Ссвоето излагање рече дека се има консултирано со Митко Јанев во моментот е на годишен одмор тој работи со тие проекти смета дека тоа е во делот на негователи има потреба дополнително да се донесе и оваа година за тоа писмено ќе бидат известени.

Бидејќи немаше пријавено за збор петата точка од дневниот ред: Предлог-Одлука за формирање Општински Совет за Социјална заштита, беше ставен на гласење од 15 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 8,,гласа за,, ,, против,, 6 и ,, воздржан,, нема,

6.

По отворената расправа по шестата точка: Предлог-Програма за локален економски развој на подрачјето на општина Василево за 2022 година; За збор се јави Ване Андонов претседател на Комисијата за финансирање буџет и локалн економски развој рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 5 присутни члена ја усвои со 5 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема.

За збор се јави Крсте Панев член на советот на општина Василево рече дека советниците од опозицијата ке ги подржат сите програми и ке гласат за освојување бидејки програмите и проектите 90% се од предходната влас на СДСМ подготвени а ке се реализират во 2022 година, бидејќи тогаш беше претседател на советот тогаш советничката група на ВМРО-ДПМНЕ не подржа ниту една програма сега советниците на СДСМ нема да бидат со таков став сите програми ке ги подржи се што е воинтерес на граганите,

Славе Андонов градоначалник на општина Василево изрази благодарност до советничката група на СДСМ за подршката што има разбирање да ги подржи сите програми рече дека тоа е стварно за почит и вети дека заеднички ке работат носат и ке ги контролирт програмите при начинот на реализирање,рече убаво е кога сите заеднички одлучуват но сепак се кажа една поделба дека проектите се од предходната власт, се знае кои проекти се од предходната власт тие ке бидат реализирани тоа што е почнато и застанато нема да се оде деконструктивно ниту да се оде спротивно ниту да раскинуват договори тоа се Домот во Василево и во Владевци таму договорот е истечен паркот кај црквата ке се види понатаму што ке се прави, сето тоа што е добро за граганите ке биде прифатено и продолжено и подпишано според договорот. Има и многу нови проекти само тоа не можат сите да го видат тоа што е дозволено во рамкитена буџетот, има рамка од Министерството за финансии не може од тоа да се прекпорачи. Општина Василево бидејќи е презадолжена околу 80.000 000 денари пред да дојде тој во кабинетот беа дојдени и некој извршувања од фирмата Портланд околу 4.000 000 денари, долгот секојдневно се зголемува има многу проекти кој што не се почнати од минатата година тоа ќе се реализира според рамките дадени од Министерството за финансии кое дава 9.000 000 за капитални инвестиции тоа е направено со цел да нема нови задолжувања непотребно да се оптоварува буџетот на општината, без разлика од каде е градоначалникот според него тоа е добра мерка да може контролирано да се троши и долговите направени од предходните власти да може да бидат вратени, Доколку се набилда буџетот и програмите големи суми на инвестиции капитални објекти без да има средства од буџетот а последната година е градено без да има пари во буџетот,Потенцира ниеден тендер што е објавен во општина Василево нема финансии на сметката блокирани а има објавено тендер според него неможе да се објави тендер кога има блокирано сметка тоа е со добра намера према општината и граганите да бират. Доколку се оди со нови дополнителни проекти како што беше оваа година ќе нема ни за струја, уште еднаш го подржува ставот на опозицијата што ќе ги подржи проектите, има нови проекти сите ќе бидат реализирани според можностите, програмите се желба и визија додека реализацијата на Буџето ќе биде

реална тоа ќе се види преку кварталните извештаи кој се доставуват на три месеци а ќе се реализират според приходите кои се прибират. Можностите на општина Василево за пребирање на приходи се ограничени сите советници за тоа се запознаени. Рече дека веќе еден месец е градоначалник приходот е многу поголем од последните неколку месеци но предходната власт има реализација на исплати на основни работи. Се успеа да не ја исклучат струјата уште еден ден има до крајната цел утрово ќе биде исплатена последната исплата за да нема исклучување на струјата, се надева дека наредните седници ќе зборува за реализација на канализации атмосферски и фекални канализации, патишта градинки се што капитално и во интерес на на сите грагани.

Немаше друг пријавено за збор Предлог-Програма за локален економски развој на подрачјето на општина Василево за 2022 година; , беше ставен на гласење од 15 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 15,,гласа за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема,

7.

По отворената расправа по седмата точка Предлог-Програма за изградба и реконструкција на Детски градинки за 2022 година; за збор се јави Ване Андонов претседател на Комисијата за финансирање буџет и локалн економски развој рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 5 присутни члена ја усвои со 5,, за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема

Немаше друг пријавено за збор Предлог-Програма за изградба и реконструкција на Детски градинки за 2022 година; , беше ставен на гласење од 15 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 15,,гласа за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема,

8.

По отворената расправа по осмата точката Предлог-Програма за одржување на локалните патишта и улици во општина Василево за 2021/2022 година во зимски услови; за збор се јави Ване Андонов претседател на Комисијата за финансирање буџет и локалн економски развој рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 5 присутни члена ја усвои со 5,, за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема.

за збор се јави Крсте Панев праша дали за овој зимски период има набавено сол.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече декабаш и денешната програма е актуелна сега е и период кога врне снег од денеска Јавното комунално претпријатие е излезено да реализира што ги има тие залихи се настапува скоро во сите населени места посебно во Висока Маала, и Чанаклија на повисоките места има одредена количина на сол и песок има работници од јавното комунално претпријатие на терен. ,

Немаше друг пријавено за збор Предлог-Програма за одржување на локалните патишта и улици во општина Василево за 2021/2022 година во зимски услови, беше ставен на гласење од 15 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 15,,гласа за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема,

9.

По отворената расправа по деветата точка:. Предлог-Програма за социјална заштита во Општина Василево за 2022 година; за збор се јави Ване Андонов претседател на Комисијата за финансирање буџет и локален економски развој речe дека комисијата на седницата ја разгледа од 5 присутни члена ја усвои со 5,, за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема

Немаше друг пријавено за збор Предлог-Програма за социјална заштита во Општина Василево за 2022 година беше ставен на гласење од 15 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 15,,гласа за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема,

10.

По отворената расправа по десетата точка: Предлог-Програма за поставување вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација на локалните патишта и улици во општина Василево во 2022 за збор се јави Ване Андонов претседател на Комисијата за финансирање буџет и локален економски развој речe дека комисијата на седницата ја разгледа од 5 присутни члена ја усвои со 5,, за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема

Немаше друг пријавено за збор Предлог-Програма за поставување вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација на локалните патишта и улици во општина Василево во 2022 беше ставен на гласење од 15 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 15,,гласа за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема,

11.

По отворената расправа по единасетата точка Предлог-Програма за активностите во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и справување со кризи во 2022 год за збор се јави Ване Андонов претседател на Комисијата за финансирање буџет и локален економски развој речe дека комисијата на седницата ја разгледа од 5 присутни члена ја усвои со 5,, за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема

Немаше друг пријавено за збор точка Предлог-Програма за активностите во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и справување со кризи во 2022 год;беше ставен на гласење од 15 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 15,,гласа за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема,

12.

По отворената расправа по дванаесетата точката: Предлог-Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во 2022 година; за збор се јави Ване Андонов претседател на Комисијата за финансирање буџет и локален економски развој речe дека комисијата на седницата ја разгледа од 5 присутни члена ја усвои со 5,, за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема

Немаше друг пријавено за збор точка : Предлог-Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во 2022 година; беше ставен на гласење од 15 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 15,,гласа за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема,

13.

По отворената расправа по тринаесетата точката: Предлог-Програма за заедничка потрошувачка во Општина Василево за 2022 година; за збор се јави Ване Андонов претседател на Комисијата за финансирање буџет и локален економски развој рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 5 присутни члена ја усвои со 5,, за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема

Немаше друг пријавено за збор точка : : Предлог-Програма за заедничка потрошувачка во Општина Василево за 2022 година;; беше ставен на гласење од 15 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 15,,гласа за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема,

14.

По отворената расправа по четиринаесетата точка. Предлог План за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на општина Василево (2022-2025); за збор се јави Ване Андонов претседател на Комисијата за финансирање буџет и локален економски развој рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 5 присутни члена ја усвои со 5,, за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема

Немаше друг пријавено за збор точка Предлог План за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на општина Василево (2022-2025); беше ставен на гласење од 15 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 15,,гласа за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема

15

По отворената расправа по петнаесетата точка. Предлог-Програма за третирање на животните бездомници на подрачјето на општина Василево за 2022 година; за збор се јави Ване Андонов претседател на Комисијата за финансирање буџет и локален економски развој рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 5 присутни члена ја усвои со 5,, за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема

Немаше друг пријавено за збор точката: Предлог-Програма за третирање на животните бездомници на подрачјето на општина Василево за 2022 година беше ставен на гласење од 15 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 15,,гласа за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема,

16

По отворената расправа по шеснаесетата точка Предлог-Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Василево за 2022 година; за збор се јави Ване Андонов претседател на Комисијата за финансирање буџет и локален економски развој рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 5 присутни члена ја усвои со 5,, за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема.

Крсте Панев постави прашање до градоначалникот Славе Андонов бидејќи ставот на советничката група на СДСМ е да ги подржи сите програми сака да постави прашање до градоначалникот за да знаат и советниците и граганите околу располагањето на градешното земјиште во сопственост на РМ има голем проблем во Василево што го знае и градоначалникот тој проблем го имаше и предходната власт проблем кој што стигна и до апелационен суд Скопје, три дена пред изборите стигна решение за извршување тоа неможеше да го реши предходниот градоначалник градежниот инспектор од Босилово нема излезено на терен колку што е запознаен не е запазен рокот праша дали ќе се преземат мерки да се отстрани тој проблем или тие како советничка група на СДСМ ќе

преземат мерќи преку надлежните институции да видат дали тој градежен инспектор има излезено на терен и дали тој како градоначалник го има повикано во општината.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека веќе ги има преземено надлежностите за градежнто земјиште за продажба лично тој беше претседател на таа комисија Симона Шонтевска и Бранко Андонов е во надлежност на општината и може да функционира. Бидејќи тој е градоначалник ќе треба уште едно лице дополнително се чека оглас објавен до зелс за да може да полага за тоа има критериум што треба да се исполни лицата што треба да се јават на оглас. Околу проблемот во Василево препоставува за кој се работи има известување до лицето дека треба да се постапи по пресуда од надлежните органи тој го има примано инспекторот разговарано и по тоа треба да постапи.

Крсте Панев праша дали како градоначалник го има известено градежниот инспектор да излезе на терен и дали има одговор дека има излезено на терен и дали има направено записник за увид на лице место.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека таму има донесено од соодветен орган правосилноста е околу 20 дена и ќе постапи инспекторот.

Горан Андонов представник од општинската аддминистрација рече дека како вработен во одделението за урбанизам градежниот инспектор постапува по неговите предмети тоа не е во негова надлежност но бидејќи е во секојдневен контакт со него смета дека до 22 Октомври беше рокот да го одстрани после тоа градежниот инспектор си постапува по решението излегува на терен после 22 октомври може да има рок од 20 дена може да постапи по лицето кое е известено.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека се што е според законот институциите кој што ќе ги носат решенијата ќе бидат спроведени, токму на тој дел се реши еден од проблемите што не беше решен неколку години во Василево, долго време не се собира вода има одреден канализационен систем не се собира вода се што е потребно ќе биде преземено се што е во интерес на граганите и законотќе биде спроведено.

Немаше друг пријавено за збор точка: Предлог-Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Василево за 2022 година;беше ставен на гласење од 15 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 15,,гласа за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема,

17.

По отворената расправа по седамнасетата точка: Предлог-Програма за спорт, рекреација и манифестации на подрачјето на општина Василево за 2022 година; за збор се јави Ване Андонов претседател на Комисијата за финансирање буџет и локален економски развој рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 5 присутни члена ја усвои со 5,, за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема.

Александар Митров член на советот на општина Василево според него има многу средства одвоени за фудбалските клубови и други манифестации негде повеќе негде помалку доделени средства. Лично е заинтересиран за одбојкарскиот клуб Сушево како традиција го гледа како изумрен можеби

тие средства ќе бидат доволни може и нема да се остварат и дали клубот ќе може да функционира. Исто така сака да се надоврзе и за фудбалскиот клуб Василево за кој што има одвоено 700.000 денари кој во последно време дојде до раздор помеѓу граганите да одат на спортски активности кој што викат дека нема да гледат фудбол. Предтоа беше вмровски клуб , според него треба да се преземат мерќи да биде спортски клуб а не партиски. Фк Василево требаше да биде еден од носечките клубови во општината а како што гледа стадионот во Василево е катастрофален, смета дека треба да се преземат мерки побара од советникот од предходниот состав Крсте Панев да каже на кој начин функционираше околу давање на просторот на стадионот. За пофалба е спортската соблекувална што беше издадена до колку не се издадеше оваа соблекувална до крајот ќе беше срушено, подобро да биде издадено и на другите делови од чаршиски зборувања се слуша најмногу пари што може да се направат тоа е спортот. Луѓето кој што го одржуват стадионот како вработени, финансират или било како.

Крсте Панев во образложението рече дека тој клуб си има претседател ние како општина само го подржуваме и супвенционираме, сега сумата е намалена и предходниот градоналанник ја има намалено уште од предходните мандати се зборуваше дека во спортот има повеќе пари. После него дојде СДСМ на власт се виде дека имало 2,5 000 000 од општината средства, сега е намалено на 700.000 денари според него доколку се работи домаќински ќе биде добро и за граѓаните да одговорат на нивните потреби.

За одбојкарски клуб Сушево гледа дека е добро и предходната власт имаше планирано но не се отвори тој одбојкарски клуб според него 300.000 денари се доволни се зависи дали ке профунционира, едно сака да каже до градоначалникот и пофалби не само критики кога се отварат такви клубови да не се гледа партиски ниту на ВМРО ниту на СДСМ да не се дели народот претседатели и играчи да не нагласува повеќе за Сушево кој ќе биде претседател или било како рече дека треба да биде коректно спрема сите за да нема проблеми. Има сознание за КУД Сушевски Бисери дека имаше манифестации секаде беа поканети добро е да има таков клуб во општината за тоа ќе разговара со градоначалникот за одредени работи друго останува исто. Две години има ковид пандемија немаше ништо одржано. Во програмата има само сменето во Василево на Голема богородица да се одржува турнир а досега се одржуваше на Велигден според него доколку сметат дека е подобро да се одржува турнирот на денот на празникот во Василево на денот Голема Богородица нека биде така бидејќи Велигден е празник на сите христијани нема ништо против.

Додека за прашањето околу начинот на издавање на просториите на стадионот и функционирањето за тоа беше задолжен градоначалникот во соработка со Јавното комунално предпријатие, некогаш немаше вода за наводнување не се косеше трева некои пати поради тоа што беше расипана машината за приватно да се коси општината немаше средства да плати смета дека и сега ќе се соочуват со тој проблем.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека програмата за спорт е малку повеќе изменета имаше укажувања еден период ќе се одржува Велигденски турнир мегутоа по одзив беше слабо и народ и на еќипи сега тој како градоначалник има некои замисли, смета дека во програмата има внесено разни реконструкции на игралиштето за да направи како што доликува сите знаат во Василево имат доживеано спомени како деца и ученици сака да се обнови и смета дека ако турнирот се одржи на Голема Богородица ќе има повеќе интерес и народот во тој период доаѓа и од странство целта му е да се постигне нешто подобро а од друга страна за Велигден турнирот ќе се одржи во Добрашинци тоа е промената за фк. Василево. Планирани се 700.000 денари според потребите и расположливата рамка што е на Буџетот. Исто така и Куд Сушевски Бисери ќе биде финансиран како и досега и сите други спортови единсвено е тоа што може да се бара извештај за кој што се потрошени парите кој се дадени од општината кој што го има тоа право, сето друго невладени

организации, здружение тие фунционират според тој закон за тие средства нема да се меша, тоа се средства кој што сами си ги обезбедуват, рече доколку некаде се мешат политики тој како градоначалник без разлика за било кој тој како градоначалник доколку некој пропагира некоја партија или расизам како ќе се дават средства и доколку се дават ќе се залага правилно да се користат

Немаше друг пријавено за збор точка: Предлог-Програма за спорт, рекреација и манифестации на подрачјето на општина Василево за 2022 година;беше ставен на гласење од 15 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 15,,гласа за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема,

18.

По отворената расправа по осумнасетата точка Предлог-Програма за уредување на просторот на градежното земјиште во руралните подрачја на општина Василево за 2022 година; за збор се јави Ване Андонов претседател на Комисијата за финансирање буџет и локален економски развој рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 5 присутни члена ја усвои со 5,, за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема.

за збор се јави Блажо Делев изрази благодарност до градоначалникот за паркот и уредувањето на центарот во Нова Маала но сака да упомени пред да почне да се гради потребно е да се изгради подпорен зид па после да се уредувањето на центарот.

